# ОТВОРЕН ПОВИК

## АНГАЖИРАЊЕ КОМПАНИЈА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ МЕДИУМСКА КАМПАЊА

### I. Општи информации

Првата детска амбасада во светот Меѓаши објавува повик за ангажирање медиумска/маркетинг агенција која ќе биде одговорна за креирање и спроведување кампања што ќе промовира детско учество и ненасилство и ќе влијае на создавање безбедна средина во училиштата. Кампањата ќе биде предводена од ученици кои со поддршка од агенцијата и во соработка со тимот на детската амбасада Меѓаши ќе ги керираат потребните материјали, план и канали на комуникација.

Меѓаши е граѓанска организација чија мисија е да ги застапува и заштитува правата на децата, поттикнува одговорно родителство и почит на детската личност, го зајакнува граѓанското движење за правата на децата, детското учество и се залага за функционалност на институциите во најдобар интерес на детето. Меѓаши го промовира мировното образование, развивајки активно граѓанство засновано на принципот на ненасилство и ги негува различностите и еднаквите можности за сите.

Мандатот на Меѓаши е заштита и одбрана на детските права преку што се стреми кон остварување на својата визија за „Поправеден свет за секое дете“. Овој мандат е отелотворен во секоја активност, програма или проект што Меѓаши го спроведува, во секоја иницијатива за застапување на правата на децата и во секоја услуга што организацијата ја обезбедува.

### II. Опис и цел на проектот

Проектот “Промоција на безбедна средина во училиштата” има за цел да придонесе кон остварување на правото на децата за квалитетно образование во безбедна и партиципативна училишна средина. Проектот се фокусира кон унапредување на постоечките механизми и инструменти за превенција од насилството во училиштата, развој и јакнење на капацитетите на стручните тимови, претставници од училиштата и високото образование, претставници од јавните институции и самите ученици, како и градење соработка помеѓу сите засегнати страни на различни нивоа за да може да се овозможи промоцијата на безбедната средина преку имплементација на ученичкото учество и заштита од насилство како основни механизми во целиот процес.

Проектот се спроведува во периодот 01 септември 2023 година до 31 август 2026 година. ПДАС Меѓаши е партнерска организација на проектот во соработка со Коалиција на младински организации СЕГА како носител на проектот и другите партнерски организации Македонскиот центар за граѓанско образование (МЦГО) и СМАРТ АП - Лабораторија за социјални иновации Проектот е финансиски поддржан од Детската фондација Песталоци.

### III. Цел на повикот

Во согласност со потребите на проектот и предвидените активности, ќе се обезбеди ангажман на медиумска/маркетинг агенција која ќе биде одговорна за спроведување кампања за промоција на учеството на децата и младите, ненасилство и создавање безбедна средина во училиштата, предводена од ученици.

За изработката на предвидената кампања, во соработка со проектниот тим, агенцијата ќе подготви комуникациски план, ќе испорача обука за млади на која, заедно со проектниот тим и волонтери ќе помогнат во подготовка на самата кампања, како и

подготовка на 10 кратки видеа. Дополнително, агенцијата ќе биде дел од подготовката и развојот на содржини, дизајн на постери, видео продукција, визуелна комуникација и ширење на кампањата на социјалните медиуми итн.

Ангажираната компанија ќе претставува носител за изработка на промотивните материјали за целосно спроведување и реализација на медиумската кампања против насилството во училиштата до јуни 2026.

**IV. Опис на работни задачи**

Избраната компанија ќе треба:

- Да соработува и да ги следи насоките за изработка и спроведување на кампањата од лицето назначено за комуникација од ПДАС Меѓаши.
- Да изработи комуникациски план за спроведување на кампањата за времетраење од три години во соработка со тимот на ПДАС Меѓаши.
- Да го презентира дигиталниот маркетинг план и визуелен идентитет на кампањата пред нарачателот и да го модифицира во согласност со дадените насоки од нарачателот, доколку има потреба.
- Да испорача 3-дневна обука за 24 млади (кои ќе бидат дел од кампањата) на која ќе ги запознае младите со процесот на подготовка и развој на содржини, визуелен идентитет и комуникација, и ширење на кампањата на медиумите.
- Да ги насочува, советува и води учесниците во различни функционални вештини како креирање цртежи за инспирација на кампањата, креирање дизајни за постери, продукција на кратки видеа и друго, како и објавување на социјални медиуми.
- Да ги советува и води учесниците како да им пристапат и како да ги интервјуираат целните групи, како да креираат инспиративни и лични приказни, едукативни написи итн.
- Да го изработи целосниот дигитален материјал и содржини за спроведување на кампањата (вклучувајќи дизајни за објави, постери, приказни, текст за објави, тагови итн.).
- Да се обезбеди доволно видео запис од обуката за изработка на 10 кратки видеа кои ќе бидат финализирани за промоција до 15.12.2023.
- Да обезбеди корисничка поддршка при спроведување на комуникацискиот план.
- Да го подготви целосниот материјал за медиумската кампања согласно темата и договорот од 01.11.2023 до 15.12.2023.
- Да биде одговорна за дисеминација на подготвениот материјал и спроведување на кампања за промоција на проектот, со целна група деца и млади од 13 до 18 години, до јуни 2026 година преку утврдените канали на комуникација и промоција во комуникациската стратегија во соработка со ПДАС Меѓаши
- Да изготви извештај за текот на активностите, како и постигнатите резултати од кампањата.

**V. Критериуми за кандидатите**

Компаниите што ќе аплицираат треба да ги исполнуваат следниве критериуми:

1. Компанијата треба да е формирана согласно македонското законодавство и активно да работи во последните две години.
2. Претходно искуство во креирање и спроведување кампањи.

**VI. Потребна документација за аплицирање**

При аплицирање сите заинтересирани компании треба да доставaт:

1. Краток опис на компанијата;
2. Портфолио на дизајнирани и спроведени кампањи за социјални медиуми;
3. Биографија од лицето кое ќе го фасцилитира тренингот за млади со искуство во изработка и спроведување на кампањи, односи со јавност, маркетинг и работа со социјални медиум, кое ќе биде ангажирано во активноста;
4. Предлог концепт за медиумска кампања со предложени форми на комуникација;
5. Тековна состојба, не постара од 6 месеци;
6. Финансиска понуда со максимален износ од 430 000 денари, бруто.

Целосната документација треба да биде доставена во електронска форма на македонски јазик на е-пошта: iro@childrensembassy.org.mk со предмет: Понуда за МЕДИУМСКА КАМПАЊА. Понудите треба да се достават најдоцна до **29.10.2023** година.

Апликации со нецелосна документација **нема** да се разгледуваат.

### VII. Евалуација на кандидатите

- Преходно искуство на компанијата (30 бода)
- Предлог концепт за медиумска кампања и биографии (40 бода)
- Финансиска понуда (30 бода)

*Вкупниот број на бодови е 100 бода, а висината на бодови ги одредува интерната комисија создадена од партнерите во проектот.

### VIII. Услови за исплата

Мегаши ќе ја исплати компанијата според извршен производ, за бруто износ, а ќе изврши уплата во рок од седум (7) дена по примањето и одобрувањето на комплетна документација која опфаќа потпишан договор и одобрени продукти (опишани погоре).

За дополнителни информации поврзани со наведениот повик можете да ни се обратите преку телефонскиот број за контакт, споделен на нашата веб страна, [www.childrensembassy.org.mk](http://www.childrensembassy.org.mk) или пак преку нашите социјални мрежи.